Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги СКОПЈЕ
Примено: 18-02-2015
10-1310/1

До: д-р Зоран Трајчевски, директор
на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), се доставува

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** редовен

2. **Субјект на надзорот:** телевизиски програмски сервис на Трговско радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје

3. **Период опфатен со надзорот:** 3 февруари 2015 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 18 февруари 2015 година

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 90 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (радиодифузерите што вршат дејност на државно ниво се должни дневно да емитуваат најмалку 12 часа програма на телевизија);

   - **Член 92 ставови 1 и 14 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (радиодифузерите се обврзани дневно да емитуваат најмалку 40% изворно создадена програма во Република Македонија на македонски јазик, од која половина во периодот од 7 до 19 часот);

   - **Правилник за обврските за емитување изворно создадена програма, музика, документарна и играна програма** („Службен весник на Република Македонија" бр. 180/14)

6. **Претходно изречена мерка:** нема

7. **Констатации од надзорот:**

   Со редовниот надзор врз програмскиот сервис на Трговско радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје, емитуван на 3 февруари 2015 година, <u>е констатирано прекршување на член 92 став 1 од Законот</u> за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (радиодифузерите се обврзани дневно да емитуваат најмалку 40% изворно создадена програма во Република Македонија на македонски јазик).

Во анализираниот ден програмскиот сервис на ТРД КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје, емитуваше 8 часа 28 минути и 25 секунди програма изворно создадена во Р.М на македонски јазик, што е 39.17% од вкупно емитуваната програма во текот на денот што влегува во пресметка за изворно создадена програма (21 час 37 минути и 49 секунди), односно за 10 минути и 43 секунди помалку од потребниот минимум. 40%, колку што е законскиот минимум за емитување изворно создадена програма во текот на еден ден во однос на вкупно емитуваната програма што влегува во пресметка за изворно создадена програма (21:37:49), е 8 часа 39 минути и 8 секунди.

Половина од овој законски минимум е 4 часа 19 минути и 34 секунди изворно создадена програма во Р.М на македонски јазик, што медиумот треба да ја емитува во периодот од 07.00 до 19.00 часот. Во овој период, како што е констатирано со надзорот, ТВ Канал 5 емитувал вкупно 5 часа 49 минути и 42 секунди, со што ги испочитува барањата од член 92 став 14 од Законот.

8. **Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на член 92 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**, програмскиот сервис на Трговско радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје, на 3 февруари 2015 година, не емитуваше најмалку 40% програма изворно создадена во Република Македонија на македонски јазик.

9. **Предлог мерка:**

- Директорот на Агенцијата да донесе решение со кое ќе го опомене Трговско радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот), постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на директорот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***